Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата: Форум за разумни политики

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 7196075

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Наум Наумовски – Борче бр.68/7, 1000 Скопје

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник: Гордан Георгиев

Proqesverbali:

Веб страница: www.frp.mk

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): gordanggg@gmail.com, viktorija.borovska2isshs.edu.mk

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: 02 3115059

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: Викторија Боровска (дел од конзорциум предводен од ФРП)

Personi për kontakt:

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Наслов на иницијативата: Предлог за измени и дополнување на Законот за високото образование (**КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021)

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) Кластер 3, поглавје 26, 17 и 18 (образование и наука)

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија) Усогласување со ЕНИК/Нарик и Еразмус/ЕНЕА водичот околу признавањето и еквиваленцијата на странски високообразовни квалификации.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје) неприменливо

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа) Измени и дополнувања на законот за восокото образование кои се во согласност со Болоњскиот процес и Европската истражувачка област.

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата) Поголемо усогласување на Законот за високото образование со болоњскиот процес.

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?) Нема

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот): Автор Гордан Георгиев

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

**На членот 9 да се додаде став 10) кој гласи:** Високообразовните установи имаат право и

обврска, во согласност со релевантните акти на Болоњскиот прцес и Европската образовна област, да признаваат кредити и квалификации

**На членот 28 да се додадат ставовите 10, 11 и 12 кои гласат**:

10. признавање на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи, во согласност со релевантните акти на Болоњскиот прцес и Европската образовна област, да признаваат кредити и квалификации.

11. Квалификациите, степенот на образование и кредитите стекнати во рамки не Европската образовна област и учесниците во ЕКТС системот, високообразовните установи се должни да ги признаваат онолку автоматски колку што дозволува Националната рамка на квалификации и актите на високообразовната установа усогласени со неа.

12. Во процесот на признавањето ЕКТС квалификации и степен на образование, високообразовните установи се должни да ги применуваат начелата на Еразмус водичот за признавање и EAR-HEI (Европскиот прирачник за академско признавање).
А постоечките ставови: 10, 11, 12, 13, 14 да се коригираат во енумерацијата, и да станат 13, 14, 15, 16, 17.

**На членот 190 да се додаде став после ставот 2, што ќе гласи:**
3) За потреби на академското признавање надлежни се високообразовните установи, додека надзорот и поддршката за обезбедување квалитет во процесот им ја овозможува ENIC/NARIC Информативниот центар.

**После постоечкито став 7 од членот 190 да се додадат ставовите:**

(8) Високообразовните установи како и ENIC/NARIC Информативниот центар но и другите релевантни институции, како Агенцијата за квалитет во високото образование, се должни да се приближат до целта на ЕНЕА (Европската високообразовна област) до 2025 – автоматско признавање на ЕКТС кредитите и квалификациите.

(9) За проверка на веродостојноста на документите институциите, како високообразовните така и Информативниот центар за признавање на странски високообразовни квалификации, се должни да обезбедат што е можно поекономична постапка за потенцијалниот студент која се потпира на максималното користење на дигиталните докази на веродостојност.

**На членот 192 да се додаде став 5, што гласи:** (5) Информативниот центар дава поддршка и врши надзор врз високообразовните установи во однос на нивните постапки на признавање и еквиваленција, во согласност со EAR-HEI Manual на ENIC/NARIC Network, чија членка е Информативниот центар.

**На членот 194 да се додаде став 2, што гласи:** Признавањето од академска природа и за академска намена, кое го вршат високообразовните установи, се врши без никаков финансиски надомест од страна на апликантот за студент или за избор во наставно, научно, наставно-научно и научно-наставно и соработничко звање.

Предлагаме членот 195 да се избрише и препорачуваме да се земе предвид следново: за Постапката за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации  целосно да се спроведе преку ЕНИК-НАРИК центарот со што применува Правилникот на ЕНИК-НАРИК центарот, односно да нема формирање на дополнителни Комисии за проверка на документацијата и квалификациите.за Правилникот на ЕНИК-НАРИК центарот препорачуваме да се ревидира во следниве насоки: Секаде каде што се бараат оригинали, апостили и печати во физичка форма, јасно да се нагласи дека треба да се работи според законот за електронски документи, додека нотаризираните комии се само супститут. Правилници или делелови од правилници во Законот за високото образование да се избришат. Финансиските трошоци да се избришат од овој член, како и проверката на магистерската теза или докторската дисертација, бидејќи тоа што треба да не интересира како потписници на болоњските прописи, а со тоа сме обврзани и да ги

почитуваме, е информацијата за наставната програма која што ја студирал кандидатот.

Да се земе предвид следново: за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации се користат: 1) електронски документи, 2) дигитална проверка преку ЕНИК НАРИК и други начини во согласност со EAR-HEI Правилникот/Прирачникот на ЕНИК/НАРИК мрежата. 3) Апостилизација да биде само за проблематични и сомнителни случаи - да се нагласи дека и дипломатските претставништва се исто овластени за оверување/апостилизација.

**Ставот 1 Член 196 да се смени ида гласи:** (1) За оценка на барањето за признавање на странската високообразовна квалификација доставено до ЕНИК-НАРИК центарот, административни лица кои вршат техничка проверка на број на кредити и компатибилност со областите, полињата и квалификациите.

**Ставот 2 Член 196 да се избрише.**

**На Членот 196 да се додаде став 4 што ќе гласи:** (1) Во постапката за признавање на странската високообразовна квалификација, административните лица одговорни во високообразовните установи или во ЕНИК-НАРИК центарот, вршат споредување на предметите, студиските програми како и степените на образованието, условите за запишување на образовната програма, правата кои дипломата, односно сертификатот ги дава во земјата каде што е издадена, на кредитите освоени во текот на студиите согласно со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), како и исходот од образовниот процес (learning outcome). Во случај на завршен дел од високообразовна студиска програма, се утврдува завршениот дел на студиската високообразовна програма и се признава истиот заради продолжување на високото образование на високообразовна установа во Република Северна Македонија.

**Член 197 да гласи**

(1) Основни критериуми врз основа на кои се оценуваат барањата за признавање на странски високообразовни квалификации се:
1. споредливоста на странската

високообразовна квалификација со домашните високообразовни квалификации, односно усогласеноста со Националната рамка на квалификации, а во согласност со Насоките на Еразмус прирачникот како и Прирачникот EAR-HEI.
2. обемот, видот, должината и степенот на студиската програма согласно со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
3. системот и Националната рамка на квалификации од која квалификацијата потекнува,
4. статусот на странската високообразовна институција која ја издала квалификацијата, односно дали истата е акредитирана и овластена од надлежните органи во матичната (или друга) држава за издавање квалификации, односно дипломи и свидетелства,
5. наставните достигнувања (learning outcomes),
6. правата кои квалификацијата, односно дипломата или свидетелството ги даваат во матичната држава и
7. поранешната практика, односно претходно решени слични случаи.

(2) При оценката на барањето за признавање на странска високообразовна квалификација, се земаат предвид и други содржини кои се од значење за признавање на странската високообразовна квалификација.

Постоечкиот дел **Оценка на барањето за признавање на странска високообразовна квалификација и Член 198 да се избрише бидејќи е дел од Правилник**

**Член 199 став 1 да се избрише и да гласи:** 1) Министерството надлежно за работите на високото образование го донесува решението за признавање кога таквото барање е процесирано од ЕНИК НАРИК центарот, односно за одбивање на признавање на странската високообразовна квалификација во рок 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање на странската високообразовна квалификација.

**Ставот 2 од Членот 199 да се избрише**

**Ставот 3 од членот 199 да се смени и да гласи:** (3) Решението за признавање, односно

одбивање на признавањето на странска високообразовна квалификација е конечно и се издава во дигитална форма според законските прописи кои се однесуваа на електронски документи, електронска идентификација, доверливи услуги и електонско управување и услуги. Барателот има право да го побара документот и во печатена форма.

(4) Против решението за признавање, односно одбивање на признавање на странската високообразовна квалификација, може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(5) Решението за признавање на странската високообразовна квалификација ќе биде поништено од министерството надлежно за работите на високото образование во посебна постапка, доколку се утврди невалидност на странската високообразовна исправа или доколку истата е издадена од странска високообразовна установа која не е акредитирана во соодветна постапка.

-----------------------------------------------------------

Доколку е потребно Прирачникот EAR-HEI може да се преземе на следниот линк: https://www.enic-naric.net/page-EAR-HEI-manual

Потпис на застапникот

-----2023 година --------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2023 -----------------------------

V.V